# 10 ГОДИНИ РАБОТА НА *ГРЧКОТО ХУМАНИСТИЧКО ДРУШТВО* (ΕΛΛΗΝΙΚΗ ΑΝΘΡΩΠΙΣΤΙΚΗ ΕΤΑΙΡΕΙΑ – 1959–1969 – *GREEK SOCIETY FOR HUMANISTIC STUDIES*)

Во јануари оваа година се навршуваат 10 години живот и плодна работа на „Грчкото хуманистичко друштво“. Неговата прослава се совпаѓа со седумдесеттиот роден-ден и педесеттата годишнина на наставничката работа на неговиот основател и претседател проф. др. Конст. Ј. Вурверис.

При друштвото работи уште од првите дни како негов најактивен орган *Ценшарош за хуманисшички класични сшудии* (ΚΕΝΤΡΟΝ ΑΝΘΡΩΠΙΣΤΙΚΩΝ ΚΛΑΣΣΙΚΩΝ ΣΠΟΥΔΩΝ — *Centre for Classical Studies*) кому и му припаѓа најголемиот дел од издавачката дејност на друштвото. Публикациите на Центарот се организирани во две серии: 1. Древност и современи проблеми и 2. Студии и испитувања.

Во првата серија досега се објавени 43 публикации од разни автори од кои 22 т. е. повеќе од половината се од најактивниот член на друштвото, од неговиот претседател Вурверис. Тоа се главно кратки работи: предавања, белешки, упатства, извештаи и сл.

Од 18-те планирани публикации во 2.-та серија досега се излезени од печат 11, и тоа по овој ред:

1. Κωνστ. Ι. Βουρβήρης, Σοφοκλέους Φυλοκτήτης, 1963, 8°, стр. VIII + 135.

2. Styl. G. Kapsomenos, *Sophokles' Trachinierinnen und ihr Vorbild*, 1963, 8°, стр. XII + 123.

5. N. C. Hourmouziades, *Production and imagination in Euripides*, 1965, 8°, стр. XII + 180.

4. Aristoxenos D. Skiadas, *Homer im griechischen Epigramm*, 1965, 8°, стр. VIII + 208.

9. Χριστίνα Β. Δεδούση, Μενάνδρου Σαμία, 1965, 8°, стр. 120.

10. Κωνστ. Ι. Βουρβέρη, Πλάτων καὶ βάρβαροι, 1966², 8°, стр. 175.

11. Κονστ. Ι. Βουρβέρη, Πλάτων καὶ Ἀθῆναι, 1966, 8°, стр. 240.

14. Ἀριστοξ. Δ. Σκιαδᾶ, Ἐπὶ τύμβῳ Συμβολὴ εἰς τὴν ἑρμηνείν ἑλλην. ἐπιτυμβ. ἐμμέτρων ἐπιγραφῶν. 1967, 8° стр. XII + 119.

15. Κωνστ. Ι. Βουρβέρη, Εἰσαγωγὴ εἰς τὴν ἀρχαιογνωσίαν καὶ τὴν Κλασσικὴν φιλολογίαν, 1967, 8°, стр. XVI + 550.

18. Albin Lesky, *Der Kampf um die Rechtsidee im griechischen Denken*, 1968, 8°, стр. 32.

17. Κωνστ. Ι. Βουρβέρη, Κλασσική παιδεία καὶ ζωή, 1969, 8°, стр. 406.

Остануваат да се издадат уште:

3. Athanasios Kambylis, *Untersuchungen zu Pindars Ethik.*

6. Στυλ. Γ. Καψωμένου

7. Κωνστ. Ι. Βουβέρης, Πλάτων καὶ Ἕλληνες πλὴν Ἀθηναίων.

8. Κωνστ. Ι. Βουβέρης, Τὸ πρόβλημα τοῦ μαθήματος τῆς ἱστορίας.

12. Ἀριστοξ. Δ. Σκιαδᾶ, Καλλιμάχου Ἐπιγράμματα.

13. Ἀναργύρου Ἀναστασίου, *Zur antiken Wertschätzung der Beredsamkeit des Demosthenes.*

16. Ἀνδρέου Φ. Παναγοπούλου, Πλάτων καὶ Κρήτη.

И во оваа серија трудољубивиот претседател на друштвото има објавено или готви за објавување близу половина од предвидените публикации, како што се гледа и од дадениот преглед.

Во 17-иот број од 2.-та серија имаме всушност зборник на неговите помали филолошки списи (18 објавени порано или сега за прв пат), издадени од „Грчкото хуманистичко друштво" по повод педесеттата годишнина на наставничката дејност на авторот К. И. Вурверис.

Честитајќи му ја десеттата годишнина на Грчкото хуманистичкото друштво, седумдесеттиот роден-ден и педесеттата годишнина активна наставничка работа на неговиот неуморен и симпатичен претседател проф. др. Константин И. ВУРВЕРИС им пожелуваме уште многу и многу години плодна и несебична работа на полето на културата и науката за победа на хуманизмот и хуманистичката идеја во Грција и во целиот свет.

*Скопје.* *М. Д. Петрушевски.*